**Факултетско студентско собрание Машински факултет - Скопје**

**Упатство за изборите за Факултетското студентско собрание при Машински факултет**

*Правила и норми за кандидирање на студенти за членови и претседател на ФСС - МФС*

Според член 18 од статутот на Факултетското студентско собрание изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (ФСС - понатаму) ги распишува деканот на Факултетот и притоа истите мора да се одржат најдоцна 30 дена откако ќе бидат распишани.

Според член 19 од статутот на Факултетското студентско собрание, на изборите за членови во ФСС - МФС студентите може да се кандидираат на формални студентски собири. Ова значи дека изборната комисија на МФС ќе одржи 2 студентски собири на студиските програми од прв и на студиските програми од втор и трет циклус на студии (собирите ќе бидат виртуелни и ќе се одржат преку Microsoft Teams платформата).

На студентските собири, секој студент може самиот да се пријави или да биде пријавен од страна на некој друг за кандидат за член или претседател на Факултетското студентско собрание.

Само студенти што се редовно запишани во зимски семестар во учебната 2020/21 година на Факултетот може да се кандидираат за членови на ФСС - МФС.
Според членот 16 од статутот на ФСС - МФС студентското собрание број 25 членови од кои најмногу 2, а најмалку 1 претставник е од студиските програми на втор или трет циклус студии, додека останатите се претставници на студиските програми од прв циклус на студии.

За претседател на ФСС може да биде избран редовен студент на прв циклус студии на Факултетот, кој го запишал зимскиот семестар во учебната 2020/21 година и ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени на студиската програма на која е запишан.
**Мандатите на членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се во временски период од една година.**

Изборите во 2020 година поради кризата со Sars CoV - 2 вирусот ќе се одржат електронски преку платформа која ќе ја гарантира непосредноста, безбедноста, тајноста и доверливоста на гласачкиот процес.

Изборна комисија:

Вон. проф. д-р Ташко Ризов, претседател

Доц. д-р Трајче Велковски, член

Стефани Јосифовска, студент

Славчо Премчески, студент

Виктор Игнов, студент